**ПРОЦЕДУРА**
**ЗА ПРЕМИН НА СТУДЕНТИТЕ ВНАТРЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**И ОД ДРУГИ УНИВЕРЗИТЕТИ**
**НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

**СОДРЖИНА:**


1. **Цел**
2. **Подрачје и примена**
3. **Дефиниции и скратеници**
4. **Одговорности**
5. **Опис на Процедурата**
6. **Мерење**
7. **Документи и прилози**


| | **Датум** | **Име и презиме** | **Функција** |
|---|---|---|---|
| **Изработил** | 10.03.2025г. | Билјана Цоневска Гуњовска | Секретар на Факултет за туризам и бизнис логистика/Координатор за правни работи во кабинет на ректор |
| **Одобрил** | 10.03.2025 г. | проф. д-р Дејан Мираковски | ректор |
| Правна основа: Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) | | | |
| Усвоил: Универзитетски сенат (број на седница 148., датум, 8.5.2018 година и број на седница 153., датум,30.10.2018 година , број на седница 230., датум, 24.09.2024 година.,број на седница 238., датум, 17.03.2025 година) | | | |


Овој документ е сопственост на Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

1. **Цел**

Цел на оваа Процедура е да го дефинира редоследот на активностите кои треба да се опфатени во постапките за:

а. премин од една на друга студиска програма во рамките на иста единица при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;

б. премин од една единица на друга во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;

в. премин од друг универзитет на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;

г. премин од Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип на друг универзитет;

д. признавање на испити;

ѓ. повторно запишување на веќе испишан студент од Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;

е. паралелно студирање;

ж. запишување на веќе дипломиран студент.

2. **Подрачје на примена**

Се применува на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

3. **Дефиниции и кратеници**

УГД - Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

4. **Одговорности**

**4.1.** Главен носител на одговорностите за одобрување премин од една на друга студиска програма во рамките на иста единица на Универзитетот, премин од една единица на друга во рамките на УГД, премин од друг универзитет на УГД, признавање на испити и повторно запишување на веќе испишан студент, паралелно студирање и запишување на веќе дипломиран студент е ректорот и координаторите за ЕКТС на единиците (продеканите). За администрирање на постапката од правен аспект е задолжен координаторот за ЕКТС на Универзитетот.

5. **Опис на процедурата**

5.1. а Студентот поднесува барање за премин од една на друга студиска програма во рамките на иста единица при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и за признавање на испити (доколку има положено испити) СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент* со административна такса до советникот за студентска архива.

5.2. а Советникот за студентска архива го архивира Барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата.

5.3. а Продеканот изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава.*

5.4. а Записникот потпишан и скениран, заедно со Барањето од студентот, се праќа по електронска пошта до координаторот за ЕКТС на Универзитет во Ректоратот.

5.5. а Координаторот за ЕКТС на Универзитетот изготвува ОЕКТС.ОБ.02

*Решение за префрлување и признавање на испити* од ректорот и ја спроведува во е-индекс после извршената уплата од страна на студентот.
5.6. а Студентот не плаќа надомест за признавање на испити и не доставува нови пријави за испит, туку старите пријави за испит од претходното досие се префрлуваат во новото студентско досие.

5.1. б. Премин од една на друга единица во рамките на Универзитетот и/или премин од друг универзитет на УГД можат да прават редовни и вонредни студенти еднаш во текот на една календарска година и тоа пред почетокот на зимскиот семестар.
5.2. б. Студентите, кои за првпат се запишани во прва година по објавениот конкурс, не можат да се префрлуваат од една единица на друга.
5.3. б Студентот до советникот за студентска архива на единицата на која сака да премине, поднесува СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент*, доказ за уплата на административна такса, доказ за уплата со цел на дознака премин од една на друга единица во рамките на Универзитетот и Уверение за положени испити.
5.4. б Советникот за студентска архива го архивира Барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата.
5.5. б Продеканот изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава.*
5.6. б Записникот, потпишан и скениран, заедно со Барањето од студентот, се праќа по електронска пошта до координаторот за ЕКТС во ректоратот.
5.7. б Координаторот за ЕКТС изготвува ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување и признавање на испити* од ректорот и ја спроведува до советниците за студентска архива кои ја проследуваат до е-индекс после извршената уплата од страна на студентот.
5.8. б Студентот не плаќа надомест за признавање на испити и не доставува нови пријави за испит, туку старите пријави за испит од претходното досие се префрлуваат во новото досие.

5.1. в За премин од друг универзитет на УГД до советникот за студентска архива, студентот поднесува: СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент, со* доказ за уплата на административна такса, доказ за уплата со цел на дознака премин од друг универзитет на УГД и Уверение за положени испити.
5.2. в Советникот за студентска архива го архивира Барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата.
5.3. в Продеканот изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава.*
5.4. в Записникот, потпишан и скениран, заедно со Барањето од студентот, се праќа по електронска пошта до координаторот за ЕКТС во Ректоратот.
5.5. в Координаторот за ЕКТС изготвува ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување и признавање на испити* од ректорот и ја спроведува во е-индекс после извршената уплата од страна на студентот.
5.6. в За студентите, кои се префрлуваат на УГД од друг универзитет на исти студиски програми, се признаваат ЕКТС освоени на универзитетот од кој доаѓаат и се префрлуваат во соодветната година.
5.7. в За студентите кои се префрлуваат на УГД од друг универзитет на различни студиски програми, се признаваат ЕКТС согласно студиската програма на УГД и се префрлуваат во соодветната година.
5.8. в. Студентот плаќа надомест за признавање на испитите и не доставува физички пријави за признатите испити. Одлуката/Решението од ректорот е доказ за признати испити во досието на студентот.

5.9. в. Еднаш признатите испити од страна на продеканот евидентирани во записник не можат да бидат поничтени од страна на студентот во текот на понатамочното студирање.
5.10.в. Советникот за студентска архива за студентите кои вршат премин од друг универзитет на УГД задолжително бара да достават исписница за досието да биде комплетно.

5.1. г Студентот поднесува барање СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент*, со административна такса до единицата во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од која сака да се испише.

5.2. г Студентот е должен, во случај кога станува збор за студент запишан во прва студиска година да ги има подмирено сите надоместоци за студирање во прва година (два семестра). Во случај кога барањето доаѓа од студент во друга студиска година, неопходно е да ги има подмирено сите надоместоци за студирање во тековниот семестар.

5.3. г. Советникот за студентска архива во прв циклус студии го архивира Барањето и изготвува исписница во 2 (два) примерока, соодветно за студентот и за неговото студентско досие.

5.1. д Студентот поднесува Барање за признавање на испити положени на друга високообразовна установа, *со* доказ за уплата на административна такса, исписница и уверение за положени испити (во оригинал) од високообразовната установа од каде што доаѓа до советникот за студентска архива на единицата на Универзитетот на која преминува и ги продолжува студиите, СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент*
5.2. д. Советникот за студентска архива го архивира барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата.
5.3. д Продеканот изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава* и во согласност со студиската програма одлучува за:

- испити кои се признаваат целосно;
- испити кои се признаваат делумно (со објаснување кои делови од испитот да се полагаат и во кој испитен рок);
- реализирани активности на претходниот универзитет, односно на универзитетот од каде што доаѓа, со назначување на називот на предметот на УГД и кредити (на студентот му се дава можност предметите кои ги има слушано и потврдени со потпис на професорот и заверен семестар на универзитетот од каде што доаѓа, да ги пријави и полага на факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ каде што се префрла. Правото на студентот да ги полага предметите го стекнува со денот на донесување на *ОЕКТС.ОБ.02 Решение за префрлување и признавање на испити* од ректорот.

5.4. д Записникот, потпишан и скениран, заедно со Барањето од студентот, се праќа по електронска пошта до координаторот за ЕКТС во Ректоратот.
5.5. д Координаторот за ЕКТС изготвува ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување и признавање на испити* од ректорот и ја спроведува во е-индекс после извршената уплата од страна на студентот.

5.1. ѓ Студентот поднесува барање СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент со* доказ за уплата на административна такса за признавање на испити до советникот за студентска архива.
5.2. ѓ. Советникот за студентска архива го архивира Барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата.

5.3. ѓ Продеканот изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава* и во согласност со студиската програма одлучува за:

- испити кои се признаваат целосно,
- испити кои се признаваат делумно (со објаснување кои делови од испитот да се полагаат и во кој испитен рок),
- реализирани активности на претходната студиска програма, со назначување на називот на предметот на УГД и кредити.

5.4. ѓ Студентот продолжуваа со студиите во тековната студиска програма и со тековната генерација.

5.1. е Студентот поднесува барање СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент* за паралелно студирање *со* доказ за уплата на административна такса, уверение за положени испити и изјава за вонредно студирање до советникот за студентска архива на единицата на Универзитетот на која сака паралелно да студира, СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент.*

Студентот може по завршувањето на првата студиска година паралелно да се запише и на втора студиска програма од I (прв) циклус на студии во рамките на единицата, односно факултетот или на студиска програма на друга единица на Универзитетот, односно факултет во рамките на Универзитетот ако ги исполнува условите за запишување определени со студиската програма и со надоместување на трошоците за студирање.

Студентот на втората студиска програма се запишува како вонреден студент и ги плаќа трошоците за студирање како вонреден студент.

Студентот се ослободува од плаќање на трошоците за студирање на втората студиска програма на која ќе биде запишан доколку ги исполнува условите наведени во ОНС.ПРВ.01 *Правилник за запишување на прв циклус на студии.*

Од паралелното студирање се изземени студиите на: Факултетот за медицински науки, Општа медицина, Стоматологија и Музичката академија, како единици, односно факултети на кои не може да се врши одобрување на паралелно студирање внатре во единицата, односно факултетот како и од други единици, односно факултети на Универзитетот.

Правото за паралелно студирање на една дадена студиска програма на Универзитетот студентот може да го користи само еднаш во текот на првиот циклус на студии.

5.2. е. Советникот за студентска архива го архивира Барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата (координаторот за ЕКТС на единицата).

5.3. е Продеканот (координаторот за ЕКТС на единицата) изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава* и во согласност со студиската програма одлучува за:

- испити кои се признаваат целосно;
- испити кои се признаваат делумно (со објаснување кои делови од испитот да се полагаат и во кој испитен рок);
- реализирани активности на претходниот универзитет, односно на универзитетот од каде што доаѓа, со назначување на називот на предметот на УГД и кредити (на студентот му се дава можност предметите кои ги има слушано и потврдени со потпис на професорот и заверен семестар на универзитетот од каде што доаѓа, да ги пријави и полага на факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ каде што се

префрла. Правото на студентот да ги полага предметите го стекнува со денот на донесување наОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување и признавање на испити од ректорот.*

5.4. е Записникот, потпишан и скениран, заедно со Барањето од студентот, се праќа по електронска пошта до координаторот за ЕКТС во Ректоратот.

5.5 е Координаторот за ЕКТС по доставениот ОЕКТС.ОБ.*01 Записник од продекан за настава* изготвува ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување и признавање на испити за паралелно студирање.*

5.1. ж Студентот, кој има завршено факултет, а сака да заврши и друга студиска програма, најпрво треба да конкурира на конкурс и подоцна да поднесе *СЕИ.ОБ.*02 *Барање од студент за признавање на испити, со* доказ за уплата на административна такса заедно со уверение за положени испити до советникот за студентска архива на единицата на Универзитетот.

5.2. ж. Советникот за студентска архива го архивира Барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата (координаторот за ЕКТС на единицата).

5.3. ж Продеканот (координаторот за ЕКТС на единицата) изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава* и во согласност со студиската програма одлучува за:

- испити кои се признаваат целосно;
- испити кои се признаваат делумно (со објаснување кои делови од испитот да се полагаат и во кој испитен рок);
- реализирани активности на претходниот универзитет, односно на универзитетот од каде што доаѓа, со назначување на називот на предметот на УГД и кредити (на студентот му се дава можност предметите кои ги има слушано и потврдени со потпис на професорот и заверен семестар на универзитетот од каде што доаѓа, да ги пријави и полага на факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ каде што се запишува. Правото на студентот да ги полага предметите го стекнува со денот на донесување на ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување и признавање на испити од ректорот.*

5.4. ж Записникот, потпишан и скениран, заедно со Барањето од студентот, се праќа по електронска пошта до координаторот за ЕКТС во Ректоратот.

5.5 ж Координаторот за ЕКТС по доставениот ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава* изготвува ОЕКТС.ОБ.02 Решение за *префрлување и признавање на испити за префрлување и признавање на испити.* Со Решението се врши еквиваленција и признавање на испитите и се одредува согласно кредитите во кој семестар ќе биде префрлен студентот.

5.1. з Студентот поднесува барање за премин од стара студиска програма на иста студиска програма , но по нова акредитација на иста единица при Универзитетот „ Гоце Делчев“-Штип во Штип и за признавање на испити СЕИ.ОБ.02 *Барање од студент* со административна такса до советникот за студентска архива.

5.2. з Советникот за студентска архива го архивира Барањето и го проследува на разгледување до продеканот на единицата.

5.3. з Продеканот изготвува ОЕКТС.ОБ.01 *Записник од продекан за настава.*

5.4. з Записникот потпишан и скениран , заедно со барањето од студентот се праќа по електронска пошта до координаторот на ЕКТС на Универзитет во Ректоратот.

5.5. з Координаторот за ЕКТС на Универзитетот изготвува ОЕКТС.ОБ.02 *Решение за префрлување и признавање на испити* од ректорот и ја спроведува во е-индекс после извршената уплата од страна на студентот.

5.6. з Студентот не плаќа надомест за признавање на испити и не доставува нови пријави за испит , туку старите пријави за испит од претходното досие се префрлува во новото студентско досие.

## 6 Мерење

Не се утврдени мерни точки во процесот.

## 7 Документи и прилози

Прилози :

1. СЕИ.ОБ.02 Барање од студент до Одделение за студентска архива
2. ОЕКТС.ОБ.01 Записник од продекан за настава
3. ОЕКТС.ОБ.02 Решение за префрлување и признавање на испити

Документи:

1. ОНС.ПРВ.01 Правилник за запишување на прв циклус на студии

Претседател на Универзитетски сенат
Проф. д-р Илчо Јованов